**Р Е Ф Е Р А Т**

**ЗА ИЗБОР НА ЕДЕН НАСТАВНИК ВО СИТЕ ЗВАЊА ЗА НАСТАВНО-НАУЧНАТА УМЕТНИЧКА ОБЛАСТ ТЕХНИКИ НА АНСАМБЛОВА ИНТЕРПРЕТАЦИЈА И ПРИДРУЖБА КАЈ КОМПЛЕМЕНТАРНИ СОСТАВИ НА МУЗИЧКА АКАДЕМИЈА ПРИ УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ“ ВО ШТИП**

Со Одлука бр. 1402 – 127/6 од 16.12.2015 година донесена на 13. седница на Наставно-научниот уметнички совет на Музичката академија, одржана на 16.12.2015 година, определени сме за членови на Рецензентска комисија за избор на еден наставник во звање доцент за наставно-научната област *техники на ансамблова интерпретација и придружба кај комплементарни состави* на Музичка академија при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип. Рецензентската комисија е во состав:

– м-р Антонијо Китановски, вонреден професор, вработен на Музичка академија во Штип, претседател;
– м-р Ангеле Михајловски, вонреден професор, вработен на Музичка академија во Штип, член;
– м-р Георги Мицанов, вонреден професор, вработен на Музичка академија во Штип, член.

Конкурсот за овој избор беше објавен во весниците „Нова Македонија” и „Коха“ на 4.12.2015 година и во предвидениот рок се пријави само еден кандидат:

м-р Наташа Трбојевиќ.

Врз основа на приложената документација од кандидатката, чест ни е на Наставно-научниот уметнички совет на Музичката академија да му го поднесеме следниов

**И З В Е Ш Т А Ј**

***Биографски податоци***

Кандидатката **м-р Наташа Трбојевиќ** е родена на 23.5.1965 година во Штип. Основно и средно музичко образование завршува во ДМУЦ „Сергеј Михајлов“ во Штип, како најдобар ученик во класата на проф. Санда Бикова (оддел пијано). Учествува на многубројни концерти и натпревари организирани од Сојузот на музичките и балетски педагози на Република Македонија, при што освоила околу 10 награди. Паралелно со музичкото образование завршува и гимназија, како еден од најдобрите ученици. Своето образование го продолжува на ФМУ во Скопје на Вокално-инструменталниот оддел – насока Пијано, во класата на проф. Лепша Пиперковска и се стекнува со звање дипломиран пијанист. Дипломира со просек 9,28. За време на студирањето настапува повеќе пати на солистички концерти организирани од Музичка младина на Македонија, настап на Млади музички уметници, натпревари како и настап со клавирско трио во класата на проф. М.Куфојанакис по камерна музика. Посетува семинари по пијано како активен и пасивен учесник, кај истакнатите клавирски педагози: А.Валдма, Тимакин, Б.Романов, Јокут Михајловиќ, Д.Трбојевиќ, учествува на конгресот за пијано во Нови Сад (1991). Магистрира на универзитетски студии по музичка интерпретација и композиција со просек 10,00 и се стекнува со звање магистер по музички уметности, во класата на проф. м-р Евушка Елезовиќ на ФМУ во Скопје.

Од 1988 год. работи како професор по пијано во Средното музичко училиште во Штип, а од 1988 до 1992 год. работи паралелно и во музичките училишта во Врање и во Бујановац (Република Србија). Таа е истакнат педагог и придонесува за развојот на клавирската класа во ова училиште. Нејзините ученици освоиле многубројни награди на државни и меѓународни натпревари: Моцартијана - прва награда, Белград „Даворин Јенко“ – две втори и една трета награда, Охрид „Езерски бисери“ – втора награда, „Интерфест“- втора и трета

награда, Приштина – втора и трета награда, како и 10 награди на државните натпревари по пијано и камерна музика. Член е на жири-комисијата на државните натпревари по пијано и пијано – четирирачно: 2001, 2005, 2007 и 2008 година.

Истовремено таа работи и како уметнички соработник по пијано со учениците од дувачката класа. Настапува на сите концерти организирани од училиштето, семинари и државни и сојузни натпревари: Скопје, Битола, Херцег Нови, Белград и Нови Сад. Од 2008 година работи како корепетитор на ФМУ при УГД - Штип со класите по кларинет, флејта, труба, џез труба, џез тромбон и соло пеење. Настапува на сите концерти, аудиции и натпревари организирани од ФМУ. Студентите освоиле две втори и една трета награда на државниот натпревар во Скопје и една втора и една трета награда на Меѓународниот натпревар „Даворин Јенко“ во Белград.

Таа остварува богата концертна дејност: настап со проф. м-р Борис Трајанов и доцент м-р Благица Поп Томова 2009 год., настап на меморијалните концерти за проф. Санда Бикова од 2007 до 2014 година, настап со Д.Кожухаров на Штипско културно лето 2010 год., настап на Хуманитарниот концерт во Штип со проф. м-р Борис Трајанов и доцент м-р Благица Поп Томова, целовечерни концерти на класите по труба, џез труба и џез тромбон, соло пеење, флејта и кларинет во Штип и во Велес 2010 год., два солистички концерти во Велес 2011-2012, солистички концерт во Штип 2012, исто така настапува со пијано дуото Трбојевиќ – Настовски на три концерти (во Струмица, Кочани и Велес) 2013 год. (поддржани од Министерство за култура на Р. Македонија). Настапува со камерниот состав Трио „Академико“ заедно со проф. м-р Златка Митева и доцент д-р Бранко Павловски: целовечерни концерти во „Св. Софија“ во Охрид (2013), Струмица, Велес, Штип, Битола, Куманово и Скопје (2014), (поддржани од Министерство за култура на Р. Македонија). Во 2015 год. е реализиран проектот издавање на аудио ЦД заедно со проф. м-р Васко Ристов и доцент м-р Благица Поп Томова (поддржано од Министерство за култура на Р. Македонија), два целовечерни концерти со мецосопранот Наташа Пандазиева во 2015 год. во Штип и во Велес, два целовечерни концерти со Златка Митева – флејта и Димитар Кожухаров – бас- баритон во Штип и во Велес, настап на Штипско културно лето со Универзитетскиот хор „Гоце Делчев“ во 2015 год., настап на јубилеен концерт во чест на проф. м-р Евушка Трпкова-Елезовиќ (КИЦ Скопје), како и многубројни настапи и концерти со студентите од Музичката академија при УГД во Штип.

***Законски услови кои треба да ги исполнува кандидатката за избор во звање доцент според Правилникот за единствените критериуми и постапка за избор во наставни, наставно-научни, наставно-стручни соработнички звања на Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип***

***Кандидатката м-р Наташа Трбојевиќ има:***

1. Магистратура од соодветната научна област – универзитетски студии по музичка интерпретација и композиција и се стекна со научен назив магистер по музички уметности, со просек 10.00.
2. Дипломира на ФМУ - Скопје на отсек Пијано, се здоби со високо образование на пијано и стекна право дипломиран пијанист, со просек 9,28.
3. Изведба на пет целовечерни концерти (во земјава или во странство).
4. Препораки од двајца вонредни професори од соодветната научно-уметничка област за која се избира.
5. Позитивно рецензирана скрипта по предметот за кој се избира во соодветната област.

| Бр. | Изведувач | Вид на концерт | Наслов на концертот | Датум на изведба на концертот |
|---|---|---|---|---|
| 1 | Наташа Трбојевиќ со Трио „Академико“ | Целовечерен, камерен концерт (ред.бр. 10) | Концерт на Трио „Академико“ во НУЦК Битола | 26.11.2014 год. |
| 2 | Наташа Трбојевиќ со Трио „Академико“ | Целовечерен, камерен концерт (ред.бр.11) | Концерт на Трио „Академико“ на „Скопско лето“ У.Г. „Даут пашин амам“ | 7.7.2014 год. |
| 3 | Наташа Трбојевиќ и Бранко Павловски | Целовечерен концерт (ред.бр.21) | Концерт дуо Трбојевиќ –Павловски на фестивалот „Златна лира“ музеј на Град Скопје | 23.10.2013 год. |
| 4 | Наташа Трбојевиќ и Илија Настовски | Целовечерен концерт на пијано-дуо (ред.бр.18) | Концерт на пијано дуо Трбојевиќ -Настовски во Ликовен салон во Велес | 26.9.2013 год. |
| 5 | Наташа Трбојевиќ | Целовечерен солистички концерт (ред.бр.2) | Концерт на Наташа Трбојевиќ во У.Г. „Безистен“ Штип | 10.10.2011 год. |

***Наставно-образовна и научноистражувачка дејност***

– 2015 година – рецензирана скрипта „Интерпретациските проблеми во сонатата Ундин оп. 167 од Карл Рајнеке за флејта и пијано“ од авторите проф. м-р Златка Митева и м-р Наташа Трбојевиќ;
– 2014 година – интерна скрипта за студентите по предметот Корепетиција - „Песни за глас и клавир од Р.Шуман оп.48“;
– 2014 година интерна скрипта за студентите по предметот Корепетиција -„Песни за глас и клавир од Р.Шуман оп.40, оп.87 и оп.125“;
– Од 2008 до 2015 година како корепетитор (уметнички соработник) изведувала вежби со студентите на додипломски студии од класите по: труба, флејта, соло пеење и кларинет;
– 2013 - 2014 година изведувала вежби со студент на постдипломски студии од класата по труба;
– 2011 година – учествува заедно со студент од класата по труба на Државниот натпревар во Скопје (освоена II награда);
– 2009 година – учествува заедно со студентите од класата по флејта на Државниот натпревар на ученици студенти по музика (освоена II и III награда);
– 2009 година - учествува со студентите од класата по флејта како уметнички соработник на Меѓународниот натпревар „Даворин Јенко“ во Белград Р. Србија (освоена II и III награда).

***Награди на државни натпревари во земјава на учениците под менторство на проф. Наташа Трбојевиќ:***

– 2005 год. - на Државниот натпревар на студентите и учениците по музика во Скопје - III награда;
– 2004 год. – на Државниот натпревар на студенти и ученици во Скопје - освоена е III награда;
– 2002 год. – на Државниот натпревар на студенти и ученици во Скопје за камерна музика - освоена II награда;
– 2001 год. - на Државниот натпревар во Скопје – освоена II награда;
– 2008 год. – на Меѓународниот натпревар „Моцартијана“ во Скопје – освоена I награда;
– 2005 год. – на Меѓународниот натпревар „Интерфест “ во Битола – освоена III награда;
– 2004 год. на Меѓународниот натпревар „Интерфест“ во Битола – освоена II награда;
– 2002 год. – на Меѓународниот натпревар „Интерфест“ во Битола – освоена III награда.

***Награди на меѓународни натпревари во странство на учениците под менторство на проф. Наташа Трбојевиќ:***

- 2008 год. на Меѓународниот натпревар по музика во Приштина - освоена II награда;
- 2008 год. на Меѓународниот натпревар по музика во Приштина – освоена III награда;
- 2008 год. на Меѓународниот натпревар по музика „Даворин Јенко“ во Белград освоена – III награда;
- од 1995 до 2008 год. била раководител на 17 концерти на учениците од класата на проф. Наташа Трбојевиќ и клавирската класа од ДЦМО „Сергеј Михајлов“- Штип.

***Член на жири-комисии на државни натпревари на студентите и учениците од класите по пијано и камерна музика:***

- 2008 г. – 46. државен натпревар на учениците и студентите по музика;
- 2007 г. - XLV Државен натпревар на учениците и студентите по музика;
- 2005 г. – XLIII Државен натпревар на учениците и студентите по музика;
- 2001 г. XXXIX Државен натпревар на учениците и студентите по музика.

*Концерти реализирани со студенти на Музичката академија:*

- 25.9.2015 г. - Концерт на Марија Докузова и Наташа Трбојевиќ – Штип, концертна сала на ФМУ;
- 25.9.2015 г. - Концерт на Емил Арсов и Наташа Трбојевиќ – Штип, концертна сала на ФМУ;
- 25.6.2015 г. - Концерт на Ѓорѓи Димитров и Наташа Трбојевиќ – Штип, концертна сала на ФМУ;
- 23.9.2015 г. - Концерт на Невена Георгиева и Наташа Трбојевиќ – Штип, концертна сала на ФМУ;
- 29.4.2015 г. - „Музика вива“ концерт на студентите од класата по соло пеење – Штип, концертна сала на ФМУ;
- 11.12.2014 г. - Концерт на Даница Рунчева и Наташа Трбојевиќ - Штип, концертна сала на ФМУ;
- 26.11.2014 - Концерт на Игор Димов и Наташа Трбојевиќ – концертна сала на ФМУ;
- 19.9.7.2014 г. - Концерт на Александар Стефановски и Наташа Трбојевиќ;
- 29.5.2014 г. - Концерт на студентите од класата по соло пеење - пијано придружба сала Музичка академија;
- 12.5.2014 г.- Концерт на студентите од кл. по кларинет – пијано придружба;
- 25.12.2012 г. - Новогодишен концерт на студентите од класата на соло пеење, концертна сала на ФМУ, Штип;
- 6.12.2012 г. - Концерт на студентите од класата по кларинет - концертна сала Музичка академија, Штип;
- 5.7.2011 г. - Концерт на Лазар Киров – кларинет и Наташа Трбојевиќ – пијано, сала на ФМУ;
- 27.6.2011 г. - Концерт на Маџунаров Влатко и Наташа Трбојевиќ - пијано – уметничка соработка на пијано кларинет - сала на ФМУ;
- 28.5.2009 г. - Концерт на студентите по кларинет - ФМУ концертна сала;
- 19.5.2010 г. - Концерт на студентите по труба - ФМУ концертна сала.

***Настапи на концерти (полурецитали до 20 минути) со студентите на Музичката академија:***

- 12.5.2014 г. - Концерт на студентите од класата на кларинет, концертна сала ФМУ – Штип.
- 22.5.2013 г. - Концерт на студентите од класата по кларинет - пијано придружба, сала ФМУ.
- 2011 г. - Продукција на студентите од класите по обоа и флејта – ФМУ.

*Научноистражувачка дејност и стручно-уметнички активности*

Кандидатката м-р Наташа Трбојевиќ има одржано 29 целовечерни концерти и 18 настапи на концерти (полурецитали во траење од 20 минути).

*Целовечерни концерти*

*Солистички концерти и камерни концерти:*

1. 15.2.2011 г.- Одбрана на магистерски труд „Концерт на Наташа Трбојевиќ“ во ФМУ Скопје - концертна сала;
2. 10.10.2011 г. - Концерт на Наташа Трбојевиќ во УГ „Безистен“ - Штип;
3. 29.9.2011 г. - Концерт на Наташа Трбојевиќ во Ликовен салон - Велес;
4. 2.1987 г. - Концерт на Наташа Трбојевиќ во рамките на „Штипско културно лето“ - Дом на култура „Ацо Шопов“ - Штип;
5. 4.1985 г. - Концерт на Наташа Трбојевиќ во Дом на култура „Ацо Шопов“ - Штип;
6. 18.6.2015 г. - Камерен концерт на Наташа Трбојевиќ, Златка Митева, Димитар Кожухаров - Ликовен салон - Велес, во рамки на манифестацијата „Велес град на културата за 2015“ (поддржан од Министерство за култура на Р. Македонија);
7. 15.6.2015 г. - Камерен концерт на Наташа Трбојевиќ, Златка Митева и Димитар Кожухаров - НУЦК „Ацо Шопов“ – Штип (поддржан од Министерство за култура на Р. Македонија);
8. 2.2.2015 г. - Концерт на Наташа Трбојевиќ и Наташа Пандазиева, Ликовен салон - Велес во рамки на манифестацијата „Велес - град на културата“;
9. 30.1.2015 г. - Концерт на Наташа Трбојевиќ и Наташа Пандазиева - Штип, концертна сала на ФМУ;
10. 26.11.2014 г. - Концерт на Трио „Академико“ во НУЦК Битола (поддржан од Министерство за култура на Р. Македонија);
11. 7.7.2014 г. - Концерт на Трио „Академико“ на Скопско лето - уметничка галерија „Даут Пашин амам“ - Скопје (поддржан од Министерство за култура на Р. Македонија);
12. 21.5.2014 - Меморијален концерт, Уметничка галерија „Безистен“ – Штип;
13. 20.5.2014 г. - Концерт на Трио „Академико“, НУЦК „Трајко Прокопиев“ - Куманово - во рамки на фестивалот „МОДОАРС“ (поддржан од Министерство за култура на Р. Македонија);
14. 16.5.2014 г. - Концерт на Трио „Академико“ НУЦК „Ацо Шопов“ - Штип (поддржан од Министерство за култура на Р. Македонија);
15. 13.5.2014 г. - Концерт на Трио „Академико“ во НУЦК „Антон Панов“ - Струмица (поддржан од Министерство за култура на Р. Македонија);
16. 14.5.2014 г. - Концерт на Трио „Академико“, Ликовен салон – Велес (поддржан од Министерство за култура на Р. Македонија);
17. 21.11.2013 г. - Концерт на Трио „Академико“ – Кочани;
18. 26.9.2013 г. - Концерт на дуо пијано Трбојевиќ – Настовски, Ликовен салон – Велес (поддржан од Министерство за култура на Р. Македонија);
19. 25.9.2013 г. - Концерт на дуо пијано Трбојевиќ-Настовски, ООМУ „Боро Џони“ - Струмица (поддржан од Министерство за култура на Р. Македонија);
20. 24.9.2013 г. - Концерт на дуо пијано Трбојевиќ – Настовски, ООМУ „Р.Јуруков“ – Кочани (поддржан од Министерство за култура на Р. Македонија);
21. 23.10.2013 г. - Концерт на дуо Павловски – Трбојевиќ на Фестивалот „Златна лира“, Музеј на Град Скопје (СОКОМ);
22. 21.10.2013 г. - Концерт на дуо Павловски - Трбојевиќ - концертна сала на ФМУ Штип;
23. 7.2013 г. - Концерт на Трио „Академико“, УГ „Безистен“ - Штип;
24. 28.6.2013 г. - Концертен театарски перформанс „Метаморфоза“ во рамките на „Штипско културно лето“ - НУЦК „Ацо Шопов“ - голема сала;
25. 5.6.2012 г. - Концерт на Наташа Трбојевиќ – пијано и Трајче Попов – труба Уметничка галерија „Безистен“;

26. 4.6.2012 г. - Концерт на Мустафа Алимановски – труба и Наташа Трбојевиќ - пијано, Уметничка галерија „Безистен“;
27. 14.6.2011.г. Концерт на Виктор Карапанџов – туба и Наташа Трбојевиќ- пијано УГ „Безистен“;
28. 13.6.2011 г. Концерт на Филип Стевановски – тромбон и Наташа Трбојевиќ - пијано сала на ФМУ;
29. 26.5.2011 г. Концерт на студентите од класата по кларинет, Ликовен салон – Велес;
30. 13.7.2010 г. - Концерт на Димитар Кожухаров - бас и Наташа Трбојевиќ – пијано во рамките на ШКЛ - Уметничка галерија „Безистен“.

***Настапи на концерти (во траење од 20 минути)***

31. 2.10.2015 г. - Концерт по повод 40 год. јубилеј на проф. Евушка Елезовиќ - салон 19/19 – Скопје, Културно информативен центар;
32. 30.6.2015 г. - Концерт на Универзитетскиот хор „Гоце Делчев“ во рамки на „Штипско културно лето“, Уметничка галерија „Безистен“ – Штип;
33. 25.12.2014 г. - Новогодишен концерт на Музичката академија - Мултимедијален центар – Штип;
34. 17.12.2014г. - Концерт „Музичка вечер - градски хор Штип“ настап со Благица Поп Томова, Мултимедијален центар, УГД, Штип;
35. 15.10.2014 г. - Хуманитарен концерт - Мултимедијален центар, УГД – Штип;
36. 1.7.2014г. - Концерт на студентите од Вокално-инструменталниот оддел, Уметничка галерија „Безистен“;
37. 13.5.2014 г. - Меѓународна манифестација „Гоцеви денови“, Уметничка галерија – Безистен;
38. 25.12.2013 г. - Новогодишен концерт на Вокално-инструменталниот оддел на ФМУ, Мултимедијален центар;
39. 17.5.2013 г. - Концерт на студентите од Дувачкиот оддел – пијано придружба УГ „Безистен“;
40. 12.2012- Новогодишен концерт на студентите по соло пеење, труба и хорна, Мултимедијален центар при УГД, Економски факултет - Штип;
41. 12.2011 г. - Новогодишен концерт на студенти и професори на ФМУ (настап со Борис Трајанов);
42. 12.6.2011 г. - Годишен концерт на ФМУ настап со студентите од класите по соло пеење и труба, Безистен;
43. 23.12.2010 г. - Новогодишен хуманитарен концерт, НУЦК „Ацо Шопов“ –Штип (настап со Зоран Илиев - кларинет, Благица Поп Томова и Борис Трајанов);
44. 2010 - Настап со м-р Борис Трајанов и Благица Поп Томова, НУЦК „Ацо Шопов“ – Штип (видеоснимка);
45. 16.6.2010 г. - настап на Годишен концерт на ФМУ Голема сала на Економскиот факултет;
46. 24.5.2010 г. - Меморијален концерт во чест на проф. Санда Бикова, УГ „Безистен“;
47. 22.5.2009 г. - Меморијален концерт во чест на проф. Санда Бикова, УГ „Безистен“;
48. 24.5.2008 г. - Меморијален концерт, УГ „Безистен“;
49. 21.5.2007 г. - Меморијален концерт, УГ „Безистен“.

Музичката критика за изведбата на Трио „Академико“, во кое свири и м-р Наташа Трбојевиќ, вели: „Во продолжение, Трио „Академико“ донесе интересен и разновиден репертоар... Членовите на триото покажаа високо ниво на камерно музицирање... Наташа Трбојевиќ – пијано, во чијашто изведба се чувствува долгогодишно концертно искуство и префинет осет за музичката фраза, успешно ги надополни музичките замисли донесени од дувачките инструменти, додека во соло-делниците ненаметливо, но музикално го постави пијаното во преден план“.

*Стручно-апликативна и организациско-развојна дејност*

50. 2015 година издадено ЦД на Наташа Трбојевиќ со проф. м-р Васко Ристов и доцент м-р Благица Поп Томова;
51. 2013 год. - настап на промотивната концертна турнеја на Музичка академија со доцент м-р Благица Поп Томова;
52. 2012 -промотивната турнеја со Марјан Николовски - настап на промотивната турнеја со Марјан Николовски;
53. Благодарница од „ИКТ- АКТ“ - конференција, Охрид;
54. Диплома на Наташа Трбојевиќ за учество на државен натпревар;
55. 4.2001 год.- диплома на Наташа Трбојевиќ за учество со свои ученици и членство во жири-комисија на државниот натпревар во Скопје;
56. 23.4.1988 год. - признание на Наташа Савева, за учество на 17. натпревар на ученици и студенти по музика на Југославија - Љубљана, Словенија;
57. Член на СМБПМ.
58. Член на ЕПТА.

## ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ

Од целокупната наведена активност на кандидатката м-р Наташа Трбојевиќ, детално е претставено дека ги исполнува сите предвидени услови за избор во звање доцент за наставно-научната уметничка област техники на ансамблова интерпретација и придружба кај комплементарни состави на Музичката академија, согласно со Законот за високо образование на Република Македонија и Правилникот за критериуми и постапката за избор во наставно-научни, наставно-стручни и соработнички звања на Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип.

**Поради претходно наведеното, чест ни е како Рецензентска комисија да му предложиме на Наставно-научниот совет да го усвои нашиот предлог и да ја избере кандидатката м-р Наташа Трбојевиќ во звање доцент за наставно-научната уметничка област техники на ансамблова интерпретација и придружба кај комплементарни состави на Музичката академија при Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип.**

**РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА**

**М-р Антонијо Китановски, вонреден професор, вработен на Музичката академија во Штип, претседател, с.р.**
**М-р Ангеле Михајловски, вонреден професор, вработен на Музичка академија во Штип, член, с.р.**
**М-р Георги Мицанов, вонреден професор, вработен на Музичка академија, член, с.р.**

### ТАБЕЛА НА АКТИВНОСТИ КОИ СЕ БОДУВААТ ПРИ ИЗБОР ВО ЗВАЊЕ

| Р. бр. | Научноистражувачка дејност и стручно-уметнички активности | Поени | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | Во земјава | | Во странство | | Вкупно |
| | | број | поени | број | поени | |
| **6.** | Пленарно предавање на научен собир, музички настап на официјален концерт, учество на ликовна изложба (реден број од 2- 29) | 28 | 3 | | | **84** |
| **7.** | Секциско предавање на научен собир, музички настап на официјален концерт (реден бр. од 30- 48) | 18 | 2 | | | 36 |
| **11.** | Одбранет магистерски труд (ред. бр.1) | 1 | 4 | | | 4 |
| | **ВКУПНО** | | | | | **124** |
| **Р. бр.** | **Стручно-апликативна дејност и организационо-развојна дејност** | **Поени** | | | | |
| | | **Во земјава** | | **Во странство** | | Вкупно |
| | | **број** | **поени** | **број** | **поени** | |
| **1.** | ЦД (книга) (ред.бр.49) | 1 | 10 | | | **10** |
| **19.** | Стручни награди и признанија (во земјава ред.бр.52, во странство ред. бр. 55) | 2 | 4 | 1 | 8 | **16** |
| **8.** | Учество на стручен собир со реферат (постер/усно) (бр.50, 51) | 2 | 4 | | | **8** |
| | **ВКУПНО** | | | | | **34** |
| | **ВКУПНО БОДОВИ ОД СИТЕ ОБЛАСТИ** | | | | | **158** |